# КАСКАДНИ ОБУКИ ЗА
# ПРИМЕНА НА ОПШТА КОГНИТИВНА ПРОГРАМА ЗА ТРЕТМАН НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

**април-мај 2015 година**

Во рамките на на ИПА 2009 Проектот „Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица" во периодот април-мај 2015 година се реализираа 4 циклуси на обука за примена на Општа когнитивна програма за третман на осудени лица.

Обуките се одржаа на регионално ниво во Штип, Скопје и Битола со кои беа опфатени вкупно 57 лица од секторот за ресоцијализација од сите КПУ, како и други вработени кои се во директен контакт со осудените лица.

Обуките беа спроведени од страна на обучувачи кои се од редовите на затворскиот персонал кои претходно беа обучени од страна на меѓународни консултанти ангажирани од страна на Советот на Европа за примена на Општата когнитивна програма за третман на осудени лица.